**Член 13** - Личните податоци на лицето од кое се земени делови на човечкото тело, како и оние кои се однесуваат на примателот се сметаат за класифицирана информација и се чуваат во согласност со прописите за заштита на класифицирани информации на личните податоци.

**Член 15** - Орган или ткиво од телото на жив дарител може да се земе со пресадување исклучиво заради лекување на примателот, ако не постои соодветен орган или ткиво од умрено лице и ако не посоти друг, приближно еднаков метод на лекување, освен во случај на коскена срцевина.

**Член 26** - (1) Делови од тело на умрено лице можат да се земат заради пресадување откако со сигурност, врз основа на медицински критериуми и на прописен начин е утврдено дека настапила смрт кај тоа лице. (2) Смрт во смисла на ставот (1) од овој член претставува неповратен престанок на функцијата на мозокот утврдена со клинички прегледи.

**Член 28** - (1) Делови од телото од умрено лице заради пресадување може да се земат доколку лицето додека било живо писмено се изјаснило дека органи и ткива од неговото тело сака да бидат користени за пресадување, на образец на изјавата за согласување.



## ЗНАЕТЕ ЛИ ДЕКА

Во Р. Македонија веке долги години со трансплантација се спасуваат по неколку животи или се подобрува животот на пациентите, но потребата за тоа е десет пати поголема. За жал, многу пациенти кај кои дошло до трајно откажување на одредени органи умираат или доживотно се лекуваат со тешки тераписки процедури.

## БИ ИМ ПОМОГНАЛЕ ЛИ

На другите луѓе со пополнување на една Дарителска картица која би ја носеле со своите лични документи - филантропска, алтруистичка лична карта или регистарција кај својот матичен лекар?

## ПОМИСЛЕТЕ НА ТОА ДЕКА

Можеби уште утре членови на вашето семејство, ваш пријател, или можеби и вие самите ќе имате неопходна потреба од подарен орган.

## РАЗГОВАРАЈТЕ

Со вашето семејство и пријателите за вашата одлука и подготвеност по вашата смрт да сакате да помогнете да се спасат други животи на кои тоа им е неопходно потребно.

## ПРАШАЈТЕ

Доколку сакате да дознаете повеќе околу вистинската тема органодарителство. Вие можете на инфосервисот **ОРГАНОДАРИТЕЛСТВО** преку повикување на тел. бр.: **02/322 58 99** да добиете дополнителни информации.

Светски ден на бубрезите

ЗДРУЖЕНИЕТО НА НЕФРОЛОЗИТЕ ПРИ МАКЕДОНСКОТО ЛЕКАРСКО ДРУШТВО

МАКЕДОНСКОТО ЗДРУЖЕНИЕ ЗА НЕФРОЛОГИЈА, ДИЈАЛИЗА, ТРАНСПЛАНТАЦИЈА И ВЕШТАЧКИ ОРГАНИ

НЕФРОН
ЗДРУЖЕНИЕ НА БУБРЕЖНО БОЛНИ ГРАЃАНИ

# ДАРУВАЈ БУБРЕГ



# СПАСИ ЖИВОТ



**ЗДРУЖЕНИЕ НА БУБРЕЖНО БОЛНИ ГРАЃАНИ "НЕФРОН"**
**ул 11 Октомври бр. 17, 1000 Скопје**
**Тел.: (02) 322 58 99 ел. пошта:zdruzenienefron@yahoo.com**

■ Хроничната бубрежна болест ХББ се јавува и напредува без никакви тегоби во своите рани стадиуми. Затоа најчесто доцна се открива.

■ Се претпоставува дека околу 200.000 граѓани на Р. Македонија боледуваат од некој стадиум на ХББ, а крајниот стадиум на болеста бара лекување со дијализа /трансплантација.

■ ХББ може да се превенира, рано да се открие и да се лекува забавувајќи ја прогресијата и одложувајќи го лекувањето со дијализа.

■ Едноставниот преглед на урината и прегледот на концентрацијата на креатининот во крвта кај вашиот матичен лекар може да ја открие ХББ во најраните стадиуми кога може да се забави прогресијата.

■ Доколку имате висок крвен притисок, шеќерна болест, вишок на телесна тежина, возраст над 50 год. и доколку во семејството имате бубрежен болен – јавете се кај матичниот лекар да ви се провери бубрежната функција.

**Што можете Вие да направите за превенција на ХББ:**

■ редовно пешачете или правете умерени физички вежби;

■ мерете ги повремено крвниот притисок и шеќерот во крвта кај матичниот лекар;

■ хранете се здраво и контролирајте ја Вашата телесна тежина;

■ внесувајте доволно количество течности; не пушете и не земајте прекумерно алкохол;

■ не земајте лекови на своја рака, повеќето од нив се штетни за Вашите бубрези – консултирајте лекар;

■ проверете ја функцијата на Вашите бубрези – доколку сте постар од 50 год. како и доколку имате покачен шеќер или покачен крвен притисок, доколку во фамилијата имате бубрежен болен.

## ОРГАНОДАРИТЕЛСТВОТО - НАЈВИСОК ЧИН НА ЧОВЕКОЉУБИЕ

**Македонска православна црква** “Сè што значи спасување на живот на кој било човек, притоа не загрозувајќи туѓ живот или здравје, а во име на правилното разбирање на христијанската љубов кон Бога и ближниот, Црквата го прифаќа и благословува”.

**Исламска верска заедница** “Давањето дозвола за трансплантација треба да се направи во името на Алах, затоа што човечкото тело не смее да се третира како деловен објект, ниту кога е човекот жив, ниту по смртта”.

**Католичка црква** “Господ Исус Христос го даде својот живот и ја пролеа својата крв за спасение на сите луѓе. Тоа е повик до сите луѓе со добра волја, да го осмислат проектот на својата егзистенција во смисла на автентично дарување на самиот себе, а критичен став против секоја егзотична затвореност во самиот себе”.

**Еврејска заедница во Р. Македонија** “Базичниот принцип на еврејските закони и Пикуах нефеш оправдуваат, дозволуваат и обврзуваат преземање на какви било потези кои ќе зачуваат или спасат човечки живот. Истиот ги обврзува сите Евреи да донираат органи како за другите Евреи, така и за не-Евреите”.

**Евангелистичко-методистичка црква** “Ние сме убедени дека трансплантацијата и донацијата на органи се дела на љубовта кон ближниот, на љубовта која помага и на самопожртвуваноста”.



## ОД ЗАКОНОТ НА ЗЕМАЊЕ И ПРЕСАДУВАЊЕ НА ДЕЛОВИ ОД ЧОВЕЧКОТО ТЕЛО ЗАРАДИ ЛЕКУВАЊЕ

*(Службен весник на Р. М., бр.47 од 08. 04. 2011 г.)*

**Член 3** – (1)Земање на делови од човечкото тело заради лекување може да се врши само во постапка и услови утврдени со овој закон. (2) Земање и пресадување на делови од човечкото тело заради лекување може да се врши само кога е тоа медицински оправдано, кога е тоа најповолен начин на лекување на болниот, кога не се загрозува животот на дарителот или не му се нанесува трајно оштетување на здравјето, во постапка и под услови утврдени со овој закон.

**Член 4** – Овој закон се заснова на начелата на солидарност, правичност, еднаков пристап и забрана на дискриминација, медицинска оправданост на земањето и пресадувањето на делови од човечкото тело, безбедност, автономија на личноста на дарителите и примателите на органи и ткива, како и начелото на совесност и чесност.

**Член 5** - (1) Во спроведувањето на постапките за земање и пресадување на делови од човечкото тело се обезбедува заштита на човековите права, почитување на достоинството и основните слободи на човекот.

**Член 7** - Дарувањето делови од човечко тело се даваат на примателите на начин на кој се обезбедува правична достапност на приметелите од Националната листа на чекање и во согласност на транспарентни, објективни, етички и општоприфатени медицински критериуми.

**Член 8** - (1) Дарувањето на делови од човечкото тело заради пресадување е доброволно и без надоместок. (2) Забрането е да се дава паричен надоместок или каква било друга корист за дарување на делови од човечкото тело.